**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП бр.09-21/15

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р Борче Размоски–Претседател, М-р Малинка Силјановска Николиќ и Александар Тргачевски, постапувајќи во постапка поведена по службена должност ПП бр.09-45/1 од 2021 година против Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, со седиште на адреса „Кирил и Методиј” бр. 9 Делчево, застапувано од полномошник м-р Панче Едровски, адвокат од Кочани и Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево со седиште на адреса ул. „Браќа Миладиновци” бр.1/Б од Делчево, на седницата одржана на 23.05.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево, со седиште на адреса „Кирил и Методиј” бр. 9 Делчево**,** со ЕМБС:6205500, ЕДБ: 4009007110679, жиро-сметка бр. 240160001260827 во Универзална Инвестициона Банка Скопје и овластено лице Ванчо Дончевски – управител и Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево со седиште на адреса ул. „Браќа Миладиновци” бр.1/Б од Делчево со ЕМБС: 7192576, ЕДБ:4009017505892, жиро-сметка бр. 200004120197697 во Стопанска Банка АД Скопје и овластено лице Дарко Стаменков – управител како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безакохолни пијалоци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, во периодот од 25.12.2017 година до денот на донесување на ова решение учествувале во забранет договор – картел, на начин што склучиле забранет договор со кој вршат поделба на пазарите и купувачите што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево му се изрекува санкција – глоба во износ од 500.000,00, денари што претставува 0,56% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица – заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Делчево остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка и на сторителот Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево му се изрекува санкција – глоба во износ од 500.000,00, денари што претставува 1,41 % од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ДООЕЛ Делчево

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

До Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст:КОП) на ден 22.12.2021 година по електронска пошта од страна на лицето Ванчо Дончевски, управител на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица –заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз доставен е Договор за деловно техничка соработка потпишан на ден 25.12.2017 година помеѓу Друштво за производство, трговија и услуги СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 година ДООЕЛ, со седиште на ул. Браќа Миладиновци” бр.1-Б Делчево (во понатамошниот текст СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017) година) и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица –заштитно друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз со седиште на ул.„Кирил и Методиј” бр.9 Делчево (во понатамошниот текст: ТЕЛХО-ДЕЛ) . Со горенаведената електронска пошта се бара од КОП да утврди дали одредбите од Договорот се во согласност со ЗЗК.

Со Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр.09-16/1 од 22.02.2022 година КОП од ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ го задолжи да ги достави следните податоци и документи: Копија од нотарски акт-Спогодба за усогласување за поделба преку издвојување со превземање на ТЕЛХОДЕЛ, детално објаснување кој дел е издвоен од ТЕЛХО-ДЕЛ и е превземен од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 (да се наведе точно која дејност е издвоена, односно кои производи и услуги ги опфаќа издвоената дејност), доставување на документ/објаснување за тоа ко производи имаат право да ги продаваат договорните страни, а кои немаат право да ги продаваат, а со цел да не бидат конкуренција едни на други, како што е утврдено во член 4 од Договор за деловна соработка склучен на ден 25.12.2017 година помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, објаснување дали согласно член 2 од Договор за деловна соработка склучен на ден 25.12.2017 година помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, ТЕЛХО-ДЕЛ ДОО има обврска да продава единствено алкохолни, безалкохолни и други производи само набавени од Прилепска Пивара и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, на која територија се однесуваат одредбите за неконкурирање од член 4 од Договор за деловна соработка склучен на ден 25.12.2017 година помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, објаснување кои алкохолни, безакохолни и други производи ги продавал ТЕЛХО-ДЕЛ во 2017 година,

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

од кои правни лица ги набавувал и на која територија ги продавал, објаснување кои алкохолни, безакохолни и други производи ги продавал ТЕЛХО-ДЕЛ во 2018 година наваму и од кои правни лица ги набавувал.

Заклучокот е доставен со пропратно писмо бр.09-16/2 од 28.02.2022 година.

КОП со Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр.09-16/1 од 22.02.2022 година го задолжи СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 да ги достави следните податоци: објаснување кои алкохолни, безалкохолни и други производи ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 од 2018 година наваму и од кои правни лица ги набавувал.

Заклучокот е доставен со пропратно писмо бр.09-16/2 од 28.02.2022 година.

Со допис ПП бр.09-16/3 од 15.03.2022 година СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ги достави бараните податоци и документи. Во одговорот по заклучокот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 наведе дека од страна на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 против ТЕЛХО-ДЕЛ е покрената судска граѓанска постапка за надомест на штета поради непочитување на Договор за деловна соработка од 25.12.2017 година, како и дека за потребите на постапката пред судот е побарано и изготвено од ТП Гала Консалтинг Кочани (вешто лице Лилјана Атанасова, дипломиран економист) да вештачење , во кое е утврдено дека врз основа на извршените пресметки за пазарен удел при што се земени во предвид репрезентативни периоди, евидентно е дека пазарниот удел на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и ТЕЛХО-ДЕЛ во пазарот на пијалоци е помал од 10% и спорниот договор е Договор од мало значење согласно со одредбите на член 8 од ЗЗК и склучениот Договор за деловна соработка не е во спротивност на ЗЗК. СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 потенцира дека спорниот Договор е договор од мало значење, па согласно член 8 став (1) од ЗЗК (Договори од мало значење) и одрдебите на член член 7 став (1) од ЗЗК не се применуваат на договорите од мало значење. Следствено на тоа СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 побара КОП да ја запре. Во прилог на одговорот на Заклучокот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 достави и Листа на добавувачи на роба на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, Листа на производи кои ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и Приемни листови во трговија на мало.

Со допис ПП бр.09-16/4 од 25.03.2022 година ТЕЛХО-ДЕЛ ги достави бараните податоци и документи. Имено, во одговорот на заклучокот достави копија од нотарски акт и наведува дека од истиот може да се види дека е извршена поделба помеѓу двете друштва, односно спогодба за усогласување на условите за поделба на друштвото ТЕЛХО-ДЕЛ преку постапка на издвојување со преземање, каде може да се види кој дел е издвоен, конкретно кој дел останал во ТЕЛХО-ДЕЛ. Понатаму, ТЕЛХО-ДЕЛ наведува дека издвоен е делот од одредени алкохолни и безалкохолни пијалоци како и одреден дел од побарувањата кои дотогаш ги имало ТЕЛХО-ДЕЛ како и обврските спрема добавувачи. ТЕЛХО-ДЕЛ наведува дека согласно гореспоменатиот договор истите имаат право да набавуваат одредени алкохолни и безалкохолни и други пијалоци како од Прилепска пивара така и од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и така и функционирале двете друштва одереден период. Исто така ТЕЛХО-ДЕЛ наведеува дека немаат договорено за кој терен се работи (на која територија се однесува спорниот договор), но најголем дел од

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

продажбата се врши на тертенот-Делчево, Берово и Македонска Каменица. ТЕЛХО-ДЕЛ појаснува дека набавувал одредени алкохолни и безалкохолни пијалоци како од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 така и од други правни лица и истите ги продавал на територијата погоре наведена.

На ден 28.04.2022 година КОП одржа состанок во службените простории во Комисијата за заштита на конкуренцијата со управителот на ТЕЛХО-ДЕЛ за што е составен Записник.

На состанокот одржан во КОП управителот на ТЕЛХО-ДЕЛ- Ванчо Дончевски даде појаснување во врска со склучувањето на спорниот договор и неговата примена од склучувањето до денес.

По добиените горенаведени информации и докази КОП, врз основа на член 30, член 40 и член 41 од ЗЗК, поради постоење на оправдано сомнение дека СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 поседува исправи или други предмети или има сознанија кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење на прекршок, на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе Заклучок ПП бр. 09-16/5 врз основа на кој овластените лица на Комисијата извршија увид во деловните простории на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, за што е составен Записник бр. Записник бр. 09-16/6 од 12.05.2022 година. Целта на увидот беше да се прибават докази кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од ЗЗК.
Од извршениот увид во просториите на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ги прибавија следните документи - фотокопии: Збирна картица за конто: 12000 купували од Македонија од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година, збирна картица за конто: 12000 купувачи од Македонија од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година, збирна картица за конто: 12000 купувачи од Македонија од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година и Кумулатив по аналитички конта и фирми 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, за што издадоа Потврда ПП бр.09-16/7 од 12.05.2022 година.

Овластените лица на Комисијата со Записникот бр. 09-16/6 од 12.05.2022 година го задолжија СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 во рок од 10 дена да достави: копија од тужба поднесена против ТЕЛХО-ДЕЛ и Пресуда добиена по истата од страна на Основен Суд-Кочани.
Со допис ПП бр.09-16/8 од 20.05.2022 година, ТЕЛХО-ДЕЛ ги достави бараните податоци и документи до КОП побарани со Записник бр. 09-16/6 од 12.05.2022 година.

КОП со Заклучок ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 година поведе прекршочна постапка пртив СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и ТЕЛХО-ДЕЛ, заради тоа што и ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безакохолни пијалоци склучиле Договор за деловна соработка на ден 25.12.2017 година, со кој договор ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ се обврзува да врши набавка и продажба на одредени алкохолни и безалкохолни и други пијалоци кои ги набавува од Прилепска Пивара и од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, а СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 има право да врши набавка и продажба на одредени алкохолни и безалкохолни и други производи кои ги набавува од други правни лица како и од ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ, со што договорните страни во целост разграничиле кои производи имаат право да ги продаваат, а се со цел да не бидат конкуренција едни на други, што претставува постоење

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на забранет договор и/или усогласено однесување, со што ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, чија цел е нарушување на конкуренцијата преку делење на пазарот или изворите на снабдување што претставува евентуално постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 3) од Законот. Со Заклучокот КОП го задолжи ТЕЛХО-ДЕЛ да ги достави следните податоци: да ги достави следните податоци: копија од документ/објаснување за тоа кои производи (список на производи) имаат право да ги продаваат договорните страни, а кои производи немаат право да ги продаваат, а со цел да не бидат конкуренција едни на други, како што е утврдено во член 4 од Договор за деловна соработка склучен на 25.12.2017 година помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и го задожи СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 дадостави: копија од документ/објаснување за тоа кои производи (список на производи) имаат право да ги продаваат договорните страни, а кои производи немаат право да ги продаваат, а со цел да не бидат конкуренција едни на други, како што е утврдено во член 4 од Договор за деловна соработка склучен на 25.12.2017 година помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 Заклучокот е доставен со пропратно писмо бр.09-16/10 од 30.08.2022 година.

Со допис ПП бр. 09-16/11 од 09.09.2022 година СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 достави одговор на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 година и со истиот ги достави следните податоци: пописни листи за Дисконт Дарко во кои се наведени кои производи требало да ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, наод и мислење на вешто лице ТП ГАЛА КОНСАЛТИНГ Лилјана Атанасова,пописни листи за дисконт Ванчо и Пресуда ТС-18-20 од 01.04.2022 година на Основен Суд-Кочани.Имено, во одговорот на заклучокот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 наведува дека Договорот за деловна соработка склучен во 2017 година, заверен кај Нотар Горан манов од Делчево под УЗП бр.2739/2017 од 26.12.2017 година во никој случај не е забранет договор, туку дека во конкретниот случај станува збор за Договор од мало значење согласно чл.8 од ЗЗК**, бидејќи со него тужителот и тужениот како два мали субјекти врз основа на пописни листи од 25.12.2017година за Дисконт Ванчо и за Дисконт Дарко извршиле поделба на сите безалкохолни и алкохолни пијалоци. Производите од Прилепска пивара да ги набавува ТЕЛХО-ДЕЛ, а сите останати алкохолни и безакохолни пијалоци од други правни лица да ги набавува СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, со цел неправење меѓусебна конкуренција**СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 исто така наведува дека фактот дека се работи за договор од мало значење е веќе утврден од страна на Основен Суд-Кочани во Пресудата ТС-18/20 од 01.04.2022 година и од тие причини СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 предложи на КОП да го прифати овој факт како утврден и соодветно на тоа да го примени член 8 став (1) од ЗЗК.

На ден 20.09.2022 година ТЕЛХО-ДЕЛ со допис ПП бр. 09-16/12 достави одговор на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 со кој се произнесе по истиот и во прилог достави: **пописни листи за Дисконт Ванчо и за Дисконт Дарко на артикли кои смеат да ги продаваат двете друштва**- ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017. Понатаму, во одговорот на закчукот ТЕЛХО-ДЕЛ наведува дека од пописните листи се гледа кои производи смеат да ги продаваат двете договорни страни, а кои производи не смеат, односно производите набавени само од

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

определени добавувачи, односно дека ТЕЛХО- смее да набавува производи само од Прилепска Пиварница и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, а СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 смее да набавува производи од ТЕЛХО-ДЕЛ и од други правни лица.

Со допис ПП бр. 09-16/13 од 23.09.2022 година адвокат м-р Панче Едровски од Кочани достави до КОП поднесок и во прилог на истиот достави полномошно за застапување на ТЕЛХО-ДЕЛ.

На ден 10.02.2023 година доставен е Поднесок ПП бр.09-17/1 од страна на полномошникот на ТЕЛХО-ДЕЛ, адвокат М-р Панче Едровски со кој истиот побара известување од КОП во однос на текот и фазата во која е постапката по однос на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 година.

Со Поднесок ПП бр.09-17/2 од 01.06.2023 година полномошникот на ТЕЛХО-ДЕЛ, адвокат М-р Панче Едровски побара од КОП информации по однос на постапката пред КОП која се однесува на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-16/9 од 30.08.2022 година и побара од КОП да постапи по предметот и да достави известување до ТЕЛХО-ДЕЛ за текот на постапката за гореневедениот предмет.

На ден 08.06.2023 година КОП донесе Прелимарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-17/3 до ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017.

Прелиминарните известувања за утврдена фактичка состојба до ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 се доставени со пропратни писма ПП бр.09-17/4 од 21.06.2023 година.

Си допис ПП бр.09-17/5 од 26.07.2023 година СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 достави одговор на Прелиминарните известувања за утврдена фактичка состојба. Во одговорот се наведува дека неосновани се наводи на КОП дека двете друштва ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 вршеле поделба на апзарите или купувачите без разлика на пазарниот удел на договорните страни. Исто така во одговорот се наведува дека Договорот за деловна соработка склучен помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 во никој случај неможе да биде забранет договор. Исто така е наведено дека суштината на договорот не е поделба на пазарот или правење на картели, ттуку дека двете фирми се сопственост на едно лице, и тоа лице всушност направило поделба на стварите, делба ан стоката во магацинот, направени се пописни листи и бил потпишан договор за деловна сотработка за да се знае кој што ќе работи понатаму, Понатаму, ист така е наведено дека овој договор претставува договор од мало значење и истото било веќе утврдено од страна на основен Суд Делчево, со Пресуда ТС-18/20 од 01.04.2022 година.

На ден 09.10.2023 година со допис ПП бр.09-17/6 до КОП е доставен е поднесок/ургенција, со која полномошникот на ТЕЛХО-ДЕЛ доставува молба до КОП за скоро постапување по предметот и краен исход на прекршочната постапка поведена од страна на КОП.

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

На ден 20.03.2024 година со допис ПП бр.09-12/1 до КОП е доставен е поднесок/ургенција, со која полномошникот на ТЕЛХО-ДЕЛ околу натамошно постапување на КОП во прекршочната постапка.

На ден 06.06.2024 година КОП донесе Заклукок за податоци ПП бр.09-12/2 и со истите ги задолжи помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 да ги достават следните податоци:податоци з авкупно остварени приходи од алкохолни и безалкохолни пијалоци кои ги продава ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 за 2023 година и биланс на успех за 2023 година.

Заклучокот за податоци до ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-12/3 од 10.06.2024 година.

На ден 16.06.2024 година со допис ПП бр.09-12/4 ТЕЛХО-ДЕЛ достави поднесок со кој ги достави бараните документи и податоци од Заклучок ПП бр. 09-12/2 од 06.06.2024 година.

На ден 26.06.2024 година со Допис ПП бр.09-16/5 СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 достави ги достави бараните документи и податоци од Заклучок ПП бр. 09-12/2 од 06.06.2024 година.

Со електронска пошта ПП бр.09-12/6 на ден 26.06.2024 година полномошникот на ТЕЛХО-ДЕЛ исто така ги достави бараните документи по електронска пошта.

На ден 07.02.2025 година КОП донесе Заклучок за податоци ПП бр.09-21/1 и со истиот ги задолжи ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 да ги достават следните податоци: податоци за вкупно остварени приходи од алкохолни и безалкохолни и други пијалоци во 2024 година кои се предмет на Договорот за деловна соработка склучен помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и дали Договорот за деловна соработка склучен помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 бр.0306-14 од 25.12.2017 година е сеуште во важност.

Заклучоците за податоци беа доставени до ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ се доставени со пропратни писма ПП бр. 09-21/2 и ПП бр.09-21/3.

Со допис ПП бр.09-21/4 од 25.02.2025 година ТЕЛХО-ДЕЛ ги достави бараните податоци по Заклучокот за доставување на податоци и документи ПП бр.09-21/1.

Со допис ПП бр.09-21/5 од 04.03.2025 година СТАМЕНКОВ КОМПАНИ ги достави бараните податоци по Заклучокот за доставување на податоци и документи ПП бр.09-21/1.

Со електронска пошта ПП бр.09-21/6 од 12.03.2025 година КОП достави достави до ТЕЛХО-ДЕЛ Заклучок за податоци идокументи 09/21/1 од 07.02.2025 година уште еднаш и со истиот побара податок од ТЕЛХО-ДЕЛ кој се однесува на вкупно оставрени приходи од алкохолни и безачкохолни пијалоци во 2024 година кои се предмет на Договор за деловно техничка соработка помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ.

На ден 14.03.2025 година со допис ПП бр. 09-21/7 ТЕЛХО-ДЕЛ ги достави до КОП бараните податоци.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

На ден 14.03.2025 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09/21/8 до ТЕЛХО-ДЕЛ.

Конечно известување за утврдена фактичка состојба е доставено до ТЕЛХО-ДЕЛ со пропратно писмо ПП бр.09-21/9 од 18.03.2025 година.

На ден 14.03.2025 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09/21/8 до СТАМЕНКОВ КОМПАНИ.

Конечно известување за утврдена фактичка состојба е доставено до СТАМЕНКОВ КОМПАНИ со пропратно писмо ПП бр.09-21/10 од 18.03.2025 година.

На ден 07.04.2025 година СТАМЕНКОВ КОМПАНИ достави одговор на конечно известување за утврден афактичка состојба. Во истото се наведува дека се неосновани наводите на КОП дека двете друштва СТАМЕНКОВ КОМПАНИ и ТЕЛХО-ДЕЛ вршеле поделба на пазарот и на купувачите бидејќи, како што е наведено и во самиот договор истиот претставува Договор за деловна соработка со цел двете фирми да продаваат арзлични производи, а не едни исти производи, з ада не си бидат конкуренција сами на себе. Исто така, во одговорот се наведува дека се неосновани анводите дека горенавеените друштва направиле картел илиподелба на пазарот или купувалите, бидејќи освен овие две друштва во Делчево и во регионот функционираат уште неколку правни лица кои исто така се занимаваат со трговија на големо со алкохолни и безалкохолни пијалоци. Од страна на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ исто така се наведува дека спорниот договор (Договорот за деловна соработка) бил само меѓусебен договор и немал дејство спрема никој друг освен помеѓу овие две претпријатија кои до 2018 година ги почитувале, а од тогаш натака не го почитуваат.

На ден 07.04.2025 година ТЕЛХО-ДЕЛ преку полномошник адвокат Панче Едровски од Кочани достави одговор на конечно известување за утврден афактичка состојба. ТЕЛХО-ДЕЛ во одговорот на конечното известување истакнува дека самиот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ има поведено управен спор пред основен Суд Кочани поради непочитување на договоротпротив за кој ТЕЛХО-ДЕЛ има поднесено барање за поведување на прекршочна посташка пред КОП. Во оваа судска постапка, како што истакнува ТЕЛХО-ДЕЛ истиот неможел да докаже пред Основниот Суд Кочани дека овој договор е незаконит, за што Основниот Суд Кочани ја поклонил довербата на вештото лице ТП Гала Консалтинг Лилјана Атанасова која во својот вешт наод и мислење истакнака дека спорната одредба не претставува прекршок, бидејќи станува збор за Договор од мало значење и субјектите во спорниот договор се мали субјекти.

Во одговорот, ТЕЛХО-ДЕЛ истакнува дека КОП треба да го земе во предвид и фактот дека уште при потпишување на договорот ТЕЛХО-ДЕЛ не го почитувал истиот, бидејќи истиот знаел дека е незаконит и побарал утврдување на ништовност на таа одредба пред судот.

На ден 11.04.2025 година КОП достави допис ПП бр. 09-21/14 до ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ барање за доставување на доверлива и недоверлива верзија на допис. (Конечно известување за утврдена фактилка состојба).

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од прибраните докази на лице место, како и од произнесувањето по прелиминарното и конечното изјаснување за утврдена фактичка состојба на ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ, КОП утврди дека:**

На ден 25.12.2017 година ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 склучиле Договор за деловна соработка.

Согласно член 1 од наведениот Договор – „Предмет на овој договор е уредување на деловната соработка помеѓу договорните страни во врска со **међусебно неправење конкуренција**, односно **продажба на различни производи, со цел да овие два субјекти не бидат конкуренција едни на други**“.

Согласно член 2 од наведениот Договор ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз се обврзува да врши набавка на одредени алкохолни и безалкохолни и други производи кои ги набавува, како од Прилепска Пивара, така од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017.

Понатаму, согласно член 3 од наведениот Договор СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 има право да врши набавка и продажба на одредени алкохолни и безалкохолни пијалоци и други производи кои ги набавува од други правни лица како и од ТЕЛХО-ДЕЛ.

Во член 4 од наведениот Договор се наведува: „Со склучување на овој договор, договорните страни во целост имаат разграничено кои производи имаат право да ги продаваат, а со цел да не бидат конкуренција едни на други“.

Во член 5 од наведениот Договор е наведено дека договорот се смета за склучен во моментот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе важи неограничено, а договорните страни се согласни истиот да не може да се раскине без писмена согласност од дветедоговорни страни.

На Записникот од одржан состанок на 28.04.2022 година, ТЕЛХО-ДЕЛ појаснува дека при издвојување на дел од дејноста на ТЕЛХО-ДЕЛ во СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 не е изрично поделено кои производи одат кај СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, а кои остануваат во ТЕЛХО-ДЕЛ. Со нотарскиот акт склучен при издвојувањето остануваат поголем дел од побарувањата кај ТЕЛХО-ДЕЛ и одредена количина на производи која е составен дел на пописните листи и исто така одредена поголемна количина на производи (алкохолни и безалкохолни пијалоци) ја превзема СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017. Дополнително, во договорот нема писмено разграничување кои производи имаат право да ги продаваат како што е утврдено во член 4 од Договорот. Имено ТЕЛХО-ДЕЛ појаснува дека и пред издвојувањето бил застапник на Прилепска Пиварница и ги продавал нивните производи и по издвојуивањето продолжува да ги продава производите на Прилепска Пиварница. Но, по издвојувањето согласно наведениот Договор имал обврска оние алкохолни и безалкохолни пијалоци кои ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 да ги набавува само од него. Оваа фукцинонирало до 2018 година кога СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 престанал алкохолните и безалкохолните производи од неговата палета да ги продава на ТЕЛХО-ДЕЛ. Исто така согласно наведениот договор, СТАМЕНКОВ

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

КОМПАНИ 2017 имал обврска оние производи за кои бил застапник ТЕЛХО-ДЕЛ, пред се производи на Прилепска Пиварница, како и вино на пример од Стоби да ги купува од ТЕЛХО-ДЕЛ, но од 2018 година наваму СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 престанал да ги набавува овие прозиводи од ТЕЛХО-ДЕЛ, односно од 2018 година наваму нема меѓусебно купување на производи помеѓу СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и ТЕЛХО-ДЕЛ. Дистрибуција на производите ТЕЛХО-ДЕЛ ја вршел и пред и по склучување на Договорот во градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица.

На Записникот исто така ТЕЛХО-ДЕЛ појаснува дека, по потпишување на договорот, односно од 2018 година наваму, постои усмен договор во кои кафичи, кафани, ресторани, продавници и маркети смее да продава ТЕЛХО-ДЕЛ а во кои не, односно во оние во кои продава ТЕЛХО-ДЕЛ не смее да продава ТЕЛХО ДЕЛ, бидејќи СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 тоа не го дозволува и се повикува на горенаимаведениот договор. Односно, СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 инсистира ТЕЛХО-ДЕЛ да не продава во кафичи, кафани, ресторани, продавници и маркети производи кои ги продава и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, туку ТЕЛХО-ДЕЛ да ги продава само производите кои не ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017. За ова СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 вршел и контрола, односно ги следел и возилата со кои дистрибуира ТЕЛХО-ДЕЛ, со цел да видат дали од возилото ќе се истоварат и производи кои ги продава и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017. Ваквата пракса на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 уште трае. Ваквата пракса се врши на територија на градовите **Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица**. ТЕЛХО–ДЕЛ истакна дека надвор од овие греадови не му се исплати да дистрибуира. Во овие градови ТЕЛХО-ДЕЛ се обидува да продава производи кои ги набавил од трети лица, а кои истовремено ги продава и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 во оние области во кои области СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 не продава, на примери во некои села или во новоотворени објекти.

На Записникот бр. 09-16/6 од 12.05.2022 година од извршен увид во СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 појаснува дека при издвојување на друштвото на ТЕЛХО –ДЕЛ му било оставено да избере што и каде сака да работи при што е догпворено ТЕЛХО–ДЕЛ да остане ексклузивен дистрибутер на производите на Прилепска Пивара, додека за другите производи СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 да врши дистрибуција на останатите алкохолни и безалкохолни пијалоци, односно на производите кои СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ги достави до КОП во прилог на поднесокот од 11.03.2022 година, (допис ПП бр.0-16/3 од 15.03.2022 година). Овие листи се направени во 2017 година и се прилог на спорниот Договор. И СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и ТЕЛХО–ДЕЛ своите призводи ги дистрибуираат на територијата на градовите: Берово, Пехчево и Македонска Каменица. Управителот појасни деа заради транспортни трошоци не е исплатливо дистрбуцијата да се врши во другите градови. Понатаму, управителот појасни дека спорниот Договор за деловна соработка е склучен на неодредено време, тој сеуште е во сила, но истиот не се применува во пракса бидејќи ТЕЛХО–ДЕЛ не го почитува, односно ТЕЛХО–ДЕЛ врши дистрибуција на производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци кои согласно Договорот треба да ги дистрибуира СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017,. Последно купување на производи на ТЕЛХО–ДЕЛ од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 било некаде 2017 година, бидејќи ТЕЛХО–ДЕЛ почнал да купува директно од добавувачи кои се исто така добавувачи на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и ги продава овие производи како директен конкурент на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Заради оваа СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 поднел тужба против ТЕЛХО–ДЕЛ до основен Суд-Коачни. Купувачи на производи кои што ги продава СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 се кафани, ресторани, кафичи, супермаркети и маркети во Делчево, Пехчево и Македонска Каменица. Веднаш по потпишувањето на Договорот за деловна соработка, ТЕЛХО –ДЕЛ почнал да го прекршува Договорот и по неколку месеци СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ја поднел горенаведената тужба.

Од горенаведеното јасно произлегува дека ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ како претпријатија кои вршат дистрибуција на алкохолни и безалкохолни пијалоци на територија на градовите **Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица** со склучување на Договорот за деловна соработка од 25.12.2017 година, склучиле договор со кој се ограничува конкуренцијата на пазарот на алкохолни и безалкохолни пијалоци на територија на градовите **Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица**, а кое нешто е забрането со член 7 став (1) од ЗЗК.

Согласно член 7 став (1) од ЗЗК,: **„*Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата.***

Согласно член 7 став (1) точка 3) од ЗЗК- „Забранети се сите договори меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои -го делат пазарот или изворите на снабдување“.

Член 5 став (1) алинеја 11) од Законот ја дава следната дефиниција – "картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено спрема други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот.

При примената на член 7 став (1) од ЗЗК **се прави разлика помеѓу договори кои за своја цел имаат ограничување на конкуренцијата и договори кај кои ограничување на конкуренцијата се јавува како последица од договорот.** Оттука, договорите и поединечните договорни одредби се забранети со член 7 став (1) од ЗЗК само ако имаат како своја цел или последица ограничување на конкуренцијата.

Разликувањето помеѓу ограничувања како цел и ограничувања како последица е важно.

Во моментот кога ќе се утврди дека еден договор има за своја цел ограничување на конкуренцијата, нема веќе потреба да се утврдуваат и конкретните ефекти (последици) на тој договор врз конкуренцијата. Со други зборови, при примената на член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, кога договорот има како своја цел ограничување на конкуренцијата, не е потребно да се докажува постоење и на анти-конкурентски ефекти (последици). **Договори, одлуки и договорена практика кои како цел имаат**

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**ограничување на конкуренцијата се такви договори, одлуки и договорена практика кои по својата природа имаат потенцијал за ограничување на конкуренцијата**. Ова се ограничувања кои имаат толку висок потенцијал за негативни ефекти врз конкуренцијата што, при примената на член 7 став (1) од ЗЗК, не е неопходно истовремено да се демонстрира и постоењето на негативни ефекти на пазарот.

Врз основа на горенаведеното, КОП утврди дека Договорот за деловна соработка потпишан на ден 25.12.2017 година, склучен помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 има за цел ограничување на конкуренцијата, односно со истиот е извршено поделба на производите кои ќе ги продаваат, се со цел да не бидат конкуренти едни на други, со што извршиле поделба на пазарот и изворите на снабдување на територијата на која ја вршат својата дејност (територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица). Со склучувањето на наведениот договор купувачите (маркети, кафичи кафеани и сл) на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица немале избор при набавка на алкохолни и безалкохолни пијалоци, односно одредени алкохолни и безалкохолни пијалоци (пред се на Прилепска пивара) можеле да ги набават само од ТЕЛХО-ДЕЛ, додека другите пијалоци можеле да ги набават само од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017. Дополнително доколку ТЕЛХО-ДЕЛ сакал да продава алкохолни и безалкохолни пијалоци кои ги продавал СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 морал истите да ги набави од СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, односно не смеел да ги набави од други дистрибутери, со што му се оневозможува да ги набави по евентуално поповолни услови (цена, начин на испорака, начин и рок на плаќање и сл) и понатаму истите да им ги продава на своите купувачи (маркети, угостителски објекти и сл.) по поповолни услови и цени и на тој начин да се зголеми благосостојбата на потрошувачите. Исто така и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 имал обврска оние производи за кои бил застапник ТЕЛХО-ДЕЛ, пред се производи на Прилепска Пиварница, како и вино на пример од Стоби да ги купува од ТЕЛХО-ДЕЛ, односно не смеел да ги набави од други дистрибутери, со што му се оневозможува да ги набави по евентуално поповолни услови (цена, начин на испорака, начин и рок на плаќање и сл) и понатаму истите да им ги продава на своите купувачи (маркети, угостителски објекти и сл.) по поповолни услови и цени и на тој начин да се зголеми благосостојбата на потрошувачите. Поделбата на производите кои ќе ги продава ТЕЛХО-ДЕЛ, кои СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017, била дефинирана согласно листите **пописни листи од 25.12.2017година** за **Дисконт Ванчо и за Дисконт Дарко** (кои листи СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 ги достави до КОП со допис ПП бр. 09-16/11 од 09.09.2022 година, додека ТЕЛХО-ДЕЛ истите пописни листи ги достави до КОП со допис ПП бр. 09-16/12 од 20.09.2022 година).

Оттука, со овој договор се оневозможува постоење на конкуренција помеѓу снабдувачите со алкохолни и безалкохолни пијалоци (ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ) а со тоа и понуда на спорниот асортиман пијалоци по попоповолни услови (цена, начин на испорака, начин и рок на плаќање и сл.).

КОП не ги прифаќа наводите дека Договорот за деловна соработка од 2017 година склучен помеѓу горенаведените страни како договор од мало значење, дека истиот е дозволен согласно член 8 од ЗЗК, односно дека не е забранет согласно член 7 став (1) од ЗЗК.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имено КОП истакнува дека врз основа на член 8 став (4) од ЗЗК, донесена е Уредбата за поблиски услови за договори од мало значење (Службен весник на Република Македонија бр.44/2012). Во самиот став член 8 став (5) точка 2) е наведено дека со актот (уредбата) особено се определуваат ограничувањата и/или одредбите кои не смеат да бидат содржани во договорите од мало значење.

**Во член 4 став (1) точка в) од наведената Уредба јасно е наведено дека хоризонтални договори од мало значење несмеат да содржат ограничувања кои директно или индиректно, сами или во комбинација со други фактори под контрола на договорните страни имаат цел поделба на пазарите или купувачите.**

**Оттука со хоризонталните договори од мало значење не смее да се врши поделба на пазарите или купувачите без разлика на пазарниот удел на договорните страни.**

Согласно член 5 став (1) алинеа 13 од ЗЗК **хоризонтален договор** е договор меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија или усогласено однесување меѓу овие лица кои дејствуваат на исто ниво на производство односно дистрибуција на пазарот.

ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 вршат продажба на големо/дистрибуција на големо на алкохолни и безалкохолни пијалоци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, односно дејствуваат на исто ниво на дистрибуција на алкохолни и безалкохолни пијалоци, па оттука наведениот договор претставува хоризонтален договор помеѓу директни конкуренти.

Врз основа на се погоре наведено, од анализа на прибавените податоци и документи во текот на постапката, КОП утврди дека ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 како независни претпријатија кои вршат трговија на големо со алкохолни и безакохолни пијалоци на територијата на градовите Делчево, Берово, Пехчево и Македонска Каменица, во периодот од 25.12.2017 година до денот на донесување на ова Конечно известување за утврдена фактичка состојба учествувале во забранет договор – картел, на начин што склучиле забранет договор со кој вршат поделба на пазарите и купувачите што претставува пркршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 3) од ЗЗК.

Согласно 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

Во конкретниот случај КОП го имаше предвид фактот дека наведениот прекршок по својата суштина претставува забранет договор – картел и истото претставува најтешко ограничување на конкуренцијата, односно со наведениот договор, ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 извршиле поделба на пазарите и купувачите. Спорниот

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

договор траел во периодот од 25.12.2017 година и на денот на носење на ова Конечното известување за утврдена фактичка состојба се уште трае.

Согласно член 64 од ЗЗК При одмерување на глобата во предвид се земаат: тежината на прекршокот; времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот. Определениот износ се прилагодува со земање предвид на олеснителни или отежнителни околности, како резултат на што истиот може да биде намален или зголемен.

При определување на износот на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи на ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 во 2024 година како последната целосна деловна година итите учествувале во прекршокот.

Во 2024 година како последна деловна година во која траел прекршокот ТЕЛХО–ДЕЛ од продажба на алкохолни и беалкохолни пијалоци кои се предмет на спорниот договор остварил вкупен приход во износ од <u>12.554.912,00 денари.</u>

Во 2024 година како година последна деловна година во која траел прекршокот СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 од продажба на алкохолни и беалкохолни пијалоци кои се предмет на спорниот договор остварил вкупен приход во износ 3.911.953,00 денари.

Дополнително, прекршокот траел од 25.12.2017 година и сеуште трае на денот на носење на конечно известување, односно прекршокот траел <u>7 години и 2 месеци</u>.

Согласно горенаведеното КОП утврди дека износот на глобата која ќе му се изрече на ТЕЛХО-ДЕЛ изнесува 500.000,00, денари додека глобата која ќе му се изрече на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ изнесува 500.000,00 денари.

Согласно член 64 став (6) тока 1) и 2) КОП како отежнителни околности во предметот го зема:

-фактот дека по поведувањето на постапката од страна на КОП, односно на 30.08.2022 година ТЕЛХО-ДЕЛ и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 и понатаму го практикуваат Договоротот за деловна соработка склучен помеѓу ТЕЛХО-ДЕЛ ДООЕЛ Делчево и СТАМЕНКОВ КОМПАНИ бр.0306-14 од 25.12.2017 година и истиот е сеуште во важност, а истиот претставува забранет договор со кој вршат поделба на пазарите и купувачите што претставува пркршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 3) од ЗЗК.

Согласно член 64 став (5) тока 2) КОП како олеснителна околности во предметот го зема фактот дека ТЕЛХО-ДЕЛ достави дека за периодот кога бил учесник во забранет договор, всушност ја избегнувал неговата примена.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ТЕЛХО-ДЕЛ во 2024 остварил вкупни приходи во износ од 88.786.745,00 денари.

КОП утврди дека износот на глобата кој се изрекува на ТЕЛХО-ДЕЛ за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 500.000,00 денари, што претставува .0,56 % од вредноста на вкупниот годишен приход на ТЕЛХО-ДЕЛ остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 во 2024 остварил вкупни приходи во износ од 35.250.978,001,4 денари.

Износот на глобата кој се изрекува на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 500.000,00 денари, што претставува 1,41 % од вредноста на вкупниот годишен приход на СТАМЕНКОВ КОМПАНИ 2017 остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р Борче Размоски**